- ЈАВНА УСТАНОВА ДОМ ЗА ДОЕНЧИЊА И МАЛИ ДЕЦА-БИТОЛА -

Архивски број: 04-185/162

Датум : 18.11.2025

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 8 од Статутот на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, член 23 точка 4 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија„ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/104, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25) и член член 8 став 13 од Колективниот договор за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 249/19 и 203/23), а во врска со Јавниот оглас бр. 01/2025, В.Д. Директорот на Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола ја донесе следната:

О Д Л У К А
за избор на 1 (еден) извршител на неопределено време за работно место Хигиеничар по пат на Јавен оглас

1.По Јавниот оглас број 01/2025 за вработување на неопределено време на 10 (десет) извршители во Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, објавен во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха", за работното место под реден број 7. **Хигиеничар**, звање на работно место Помошно-техничко лице (за одржување на објекти и опрема) од трето ниво во Оддел за административни и помошно-технички работи, Дел за помошно-технички работи во Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола од предложената Ранг- листа на кандидати за работно место Хигиеничар бр.04-185/56 од 04.08.2025 година од Комисијата за селекција за вработување се избира второрангираниот кандидат:

1. Лилјана Милошевска.

2.Избраниот кандидат од точката 1 на оваа Одлука ќе заснова работен однос во Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола со потпишување на Договор за вработување, по конечноста на Одлуката за избор.

3.Одлуката за избор ќе биде објавена на огласна табла на Установата и на веб страницата на Установата(domazadoencinjabitola.mk).

4.Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за избор на 1 (еден) извршител на неопределено време за работно место Хигиеничар по пат на Јавен оглас бр.04-185/63 од 05.08.2025 година.

5.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2 Битола Република Северна Македонија
+389 047 253 339 /+389 047 254 339 /071 291 473
https://domazadoencinjabitola.mk
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com

О б р а з л о ж е н и е

Во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха" беше објавен Јавен оглас бр.01/2025 за вработување на неопределено време на 10 (десет) извршители во Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола и тоа ден 28.07.2025 година и траеше три работни дена.

Како дел од работните места за кои се објави Јавниот оглас беше и работното место Хигиеничар, звање на работно место Помошно-техничко лице (за одржување на објекти и опрема) од трето ниво во Оддел за административни и помошно-технички работи, Дел за помошно-технички работи, за еден извршител.

Со Решение број 04-185/24 од 30.07.2025 година, формирана е Комисија за селекција за вработување за спроведување на постапката за вработување по објавениот оглас која се состои од две фази:
-административна селекција која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување и приложените докази во пријавата и
-интервју со кандидатите за вработување.

Во Записникот од спроведената административна селекција бр.04-185/33 од 01.08.2025 година, утврдено е дека се пристигнати две пријави за вработување на работно место Хигиеничар кои ги исполнуваат општите услови и посебниот услов од Јавниот оглас и истите се поканети на интервју на ден на ден 04.08.2025 година. По завршувањето на интервјуто, Комисијата состави Записник од спроведеното интервју бр. 04-185/49 од 04.08.2025 година и Ранг-листа на кандидати за работно место Хигиеничар бр.04-185/56 од 04.08.2025 година и истите ги достави до В.Д. Директорот, да изврши избор.

Согласно Записникот од спроведената административна селекција бр.04-185/33 од 01.08.2025 година, Записникот од спроведеното интервју бр. 04-185/49 од 04.08.2025 година и Ранг-листа на кандидати за работно место Хигиеничар бр.04-185/56 од 04.08.2025 година од Комисијата за селекција за вработување, В.Д. Директорот донесе Одлука за избор на 1 (еден) извршител на неопределено време за работно место Хигиеничар по пат на Јавен оглас бр.04-185/63 од 05.08.2025 година, со која е избран прворангираниот кандидат.

Со оглед на тоа дека на ден 09.08.2025 година е донесено Решение за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје, а согласно член 8-а став (1) алинеја 3 од Изборниот законик, В.Д. Директорот донесе Решение бр.04-185/120 од 19.08.2025 година за мирување на постапката за вработување на еден извршител на работно место Хигиеничар од 09.08.2025 година се до завршувањето на избори за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје.

Во меѓувреме, избраниот прворангиран кандидат со Одлука за избор на 1 (еден) извршител на неопределено време за работно место Хигиеничар по пат на Јавен оглас бр.04-185/63 од 05.08.2025 година до В.Д. Директорот достави Изјава од 06.11.2025 година, заведено под бр.04-185/158 од 06.11.2025 година, со која изјавува дека

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2 Битола Република Северна Македонија
+389 047 253 339 /+389 047 254 339 /071 291 473
https://domazadoencinjabitola.mk
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com

доброволно и без никаква присила ја повлекува пријавата за вработување, и се откажува од понатамошно учество во постапката, иако е донесена Одлука за избор во нејзина корист.

Со Решение бр.04-185/161 од 14.11.2025 година на В.Д. Директорот, постапката за вработување на еден извршител на работно место Хигиеничар продолжува од 12.11.2025 година, со кој ден изборите за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје за 2025 година се завршени.

Со оглед на гореизнесеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука, со избор на второрангираниот кандидат.

Горенаведениот кандидат ќе заснива работен однос на неопределено време во Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, по конечноста на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот може да поднесе приговор до Управниот одбор на Установата, во рок од осум дена од денот на приемот на истата.

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца- Битола
В.Д. Директор
Биљана Анастасова

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2 Битола
Република Северна Македонија
+389 047 253 339 /+389 047 254 339 /071 291 473
https://domazadoencinjabitola.mk
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com